СТРАТЕШКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА ПЕРИОД 2019 - 2021 ГОДИНА

Нацрт

Август, 2018



Почитувани,

Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството е институција која во континуитет креира и испорачува советодавни услуги за потребите на земјоделските стопанства во функција на практична примена на најсовремените научни и технички сознанија насочени според потребите на пазарот.

За таа цел го прифаќаме стратешкото планирање како дел од стратешкиот менаџмент во рамките на современото управување. Тригодишниот развоен план на АПРЗ е резултат на учеството на сите вработени преку креирање на конкретни предлози и идеи кои помогнаа да се направи систематска анализа на внатрешното и надворешното опкружување во кое делува АПРЗ и евалуација на досегашните постигнувања. Системскиот пристап во рамките на анализата на постојната состојба во која работиме и делуваме во втората клучна фаза од процесот на стратешко планирање, ни послужи како силна аналитичка основа за утврдување на идентитетот на АПРЗ преку изјавата на нашата мисија и визија, како и одредување на нашите приоритети и цели кои сакаме и реално можеме да ги постигнеме во среден рок, во согласност со нашите капацитети и ресурси.

Реформските активности преземени од страна на АПРЗ кои се во согласност со владините препораки и насоки овозможуваат јасна дистинкција на правата и обврските на вработените, нивна отчетност преку воведување на систем за планирање, евиденција, мониторинг и евалуација. Со преземените активности се овозможува подобрување на меѓуинституционалната соработка регулирајќи ги меѓусебните права и обврски. Реформскиот процес овозможува континуирано подобрување на советодавната услуга и комуникацијата на советодавците со земјоделците.

Овој пристап е добра основа за креирање на програми и потпрограми, дистрибуција на расположиви финансиски и човечки капацитети и реално спроведливи програми и активности конзистентни со нашите и Владините приоритети и цели.

Јасната лоцирана одговорност за спроведувањето на секоја мерка и активност и однапред утврдената временска рамка во функција на планско и навремено извршување на конкретните мерки и активности во рамките на програмите и потпрограмите, ја обезбедува нашата потребна систематска посветеност и фокусираност на навистина приоритетни задачи. Надоврзувајќи се на сето ова, системот на мониторинг и евалуација како заокружувачка фаза од процесот на стратешкото планирање, ќе има силно влијание за планот да биде реално и во потполност спроведен, а воедно да биде транспарентен и отчетен документ како еден од основните начела и вредности во работењето на нашата институција, притоа запазувајќи ги основните предуслови за спроведување на активностите како што се ефикасност, ефективност, економичност, трнаспарентност и отчетност.

ДИРЕКТОР

Elgafar Jusufi

СОДРЖИНА

ПОИМНИК....4
1.1. ВОВЕД....5
1.2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА....6
1.2.1. Анализа на внатрешна состојба....6
1.2.2. Анализа на правна рамка....6
1.2.3. Анализа на областите на делување и на услугите кои се извршуваат....7
1.2.4. Анализа на засегнати страни....9
1.2.5. SWOT анализа....10
1.3. МИСИЈА....12
1.4. ВИЗИЈА....12
1.5. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА АПРЗ....12
1.6. СПЕЦИФИЧНОСТ НА АПРЗ....13
1.7. СТРУКТУРА НА АПРЗ - ПЛАНИРАНИ ПРОМЕНИ....14
1.8. ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ....18
1.9. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА АПРЗ....18
1.10. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2017 ГОДИНА....19
1.11. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2018 ГОДИНА... 25
1.12. ПРОГРАМИ.... 29

ПОИМНИК

АОП - Автоматска обработка на податоци
АПРЗ - Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството
АФПЗРР – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој
АХВ - Агенција за храна и ветеринарство
ВРМ - Влада на Република Македонија
ВЦСУ - Виртуелен центар за советодавни услуги
ДЗПЗЖС - Добра земјоделска пракса и заштита на животната средина
ДК - Дисперзирана канцеларија
ДФЛ - Државна фитосанитарна лабораторија
ЕЛС - Единици на локална самоуправа
ЕУ - Европска Унија
ЗП - Земјоделски производители
ЗС - Земјоделски стопанства
ИКТ - Информациски и комуникациски технологии
ИПАРД - Инструмент за пред-пристапна помош (ИПА), петта компонента рурален развој (IPARD)
ИС - Информатички систем
ИТ - Информатичка технологија
ЈПСП - Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта
МЖСПП - Министерство за животна средина и просторно планирање
МЗШВ - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
МРР - Мрежа за рурален развој
МФ - Министерство за финансии
НПАА - Национална програма за усвојување на правото на Европската унија
НСЗРР - Национална стратегија за земјоделство и рурален развој
ПРП - Партиципативна рурална проценка
ПФПРР - Програма за финансиска поддршка во руралниот развој
РЕ - Работна единица
РО - Регионално одделение
СИЗП - Систем за идентификација на земјишни парцели
СП - Советодавни пакети
СУ - Советодавни услуги
УО - Управен Одбор
УХМР - Управа за хидро метеоролошки работи
ФАДН - Farm Accountancy Data Network - Мрежа на сметководствени податоци за фарма
ФИСАК - Функционален интегриран систем за администрација и контрола
ФМС - Farm monitoring system - Систем за мониторниг на фарма

1.1. ВОВЕД

Стратешкиот план претставува основен развоен акт на АПРЗ во кој се содржани програмите и активностите преку кои се планира остварување на стратешките приоритети и цели, а во функција на визијата и мисијата на институцијата во наредниот тригодишен период.

Стратешкиот план е тесно поврзан со процесот на буџетско планирање и извршување за период од три години и претставува значаен инструмент на планирање и следење на спроведувањето на програмите.

Во подготовката на стратешкото планирање користени се консултации од Генералниот секретаријат на Владата на Р. Македонија - државен советник за стратешко планирање.

Услов за креирање на програмите и програмските активности се постоечките критериуми: законска рамка, расположиви капацитети, владините приоритети, но и потребите на крајните корисници - земјоделските производители.

Конкретизирање на задачите и обврските на АПРЗ:

- Поддршка во развојот на земјоделското производство според специфичностите на регионално ниво;
- Следење и оценка на квалитетот и квантитетот на спроведени советодавни услуги кај ЗС;
- Развој на систем за информирање и комуникација со корисниците;
- Континуитет на воспоставено сметководство на фарма и имплементација на Европскиот FADN (Farm Accountancy Data Network);
- Создавање услови за флексибилна и пазарно ориентирана рурална економија преку развојот на земјоделското производство;
- Пазарно земјоделско производство според стандардите на ЕУ;
- Воведување на вкрстена сообразност кај земјоделските производители како задолжителни постапки за обезбедување на заштита на животната средина, човековото здравје, здравјето на животните и растенијата и благосостојба на животните;
- Намалување на влијанието од климатските промени во земјоделството;
- Спроведување на владини мерки и проекти од поширок интерес за државата;
- Зајакнување на АПРЗ како линк помеѓу науката и производството, како и зајакнување на соработката помеѓу ЗП со преработувачите, консументите и другите учесници во ланецот на земјоделскиот сектор;
- Информираност и поддршка кон ЗС во аплицирање на претпристапните фондови на ЕУ;
- Овозможување пристап до корисни иформации на ЗС за нивното производство.

1.2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

1.2.1. Анализа на внатрешна состојба

Имајќи ја во предвид Програмата за работа на Владата на Република Македонија, потребите на корисниците на советодавните услуги, развојните програми и сопствените капацитети, АПРЗ дава свој придонес во развојот на земјоделството за зголемување на економскиот раст и вработеноста, пораст наживотниот стандард на земјоделците и подобар и поквалитетен живот.

Исто така, АПРЗ, имајќи го во предвид моменталниот развој на земјоделскиот сектор и стандардот на земјоделците, преку своите програми, потпрограми и активности, придонесува во подобрување на моменталната состојба во земјоделскиот сектор, правејќи го конкурентен, со што директно влијае на подобрување на економскиот развој. Едукацијата на индивидуалните земјоделски производители за примена на нови научно-технички сознанија е во насока на подобрување на животниот стандард на земјоделците, а воедно ги поддржува евро-интеграциските процеси. Советодавните услуги овозможуваат трансфер на нови знаења и технологии и поддршка при аплицирање во нови инвестиции, го подобруваат животот во руралните области и градат предуслов за подобрување на инфраструктурата.

Со превземање на активности за измени и дополнувања во Законот за основање на АПРЗ, ревидирање на законските прописи и интерни акти на АПРЗ се овозможува подобрување на меѓуинституционалната соработка регулирајќи ги меѓусебните права и обврски. Активностите би овозможиле континуирано подобрување на советодавната услуга, комуникацијата на советодавците со земјоделците, располагање со податоци од физички и економски параметри од земјоделските стопанста и руралната средина што овозможува воспоставување одржлив предуслов за разој на земјоделството.

При анализата се користеа соодветни методи како: директни контакти, информативни разговори, прашалници и сл. со што очекуваме со реалната слика на состојбите да дојдеме до констатации за адекватен пристап кон засегнатите страни во секторот земјоделство, каде АПРЗ со својата специфична дејност ќе даде свој придонес во развојот на земјоделството.

1.2.2. Анализа на правна рамка

АПРЗ е основана со Законот за основање на Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството (Сл. Весник на РМ бр. 3/98 од 22.01.1998 година). Согласно Законот за основање и Законот за организација и работа на органите на државната управа (Сл. Весник на РМ бр. 58/2000, 44/2002 и 82/08), АПРЗ е дефинирана како орган на државната управа, има својство на правно лице и е самостојна во својата работа.

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за државни службеници (Сл. Весник на РМ бр. 114/09), вработените во АПРЗ од 01.01.2012 година имаат статус на државни службеници.

Други позначајни закони и акти според кои што АПРЗ се раководи во своето работење се: Законот за земјоделство и рурален развој; Законот за административни службеници; Закон за организација и работа на органите на државната управа; Закон за буџетите; Закон за извршување на буџетот; Закон за јавна внатрешна финансиска контрола; Закон за јавните набавки; Закон за воспоставување на мрежа на сметководствени податоци од земјоделски стопанства; Методологија за стратешко планирање и подготвување на годишна програма за работа на Владата на РМ; Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на Стратешкиот план и Годишниот план за работа; Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на следење, оценување и известување за спроведувањето на Стратешкиот план и Годишниот план за работа; како и други законски и подзаконски акти кои што регулираат одредени сегменти од работењето на АПРЗ. Позначајни општи акти на АПРЗ кои што ја дефинираат нејзината структурна, организациона и функционална сфера се: Статутот, Правилникот за внатрешна организација, Правилникот за систематизација на работните места, Деловникот за работа на Управниот одбор, Правилник за работа и работни процеси, Функционално – организациона анализа во насока на зајакнување на капацитетите на АПРЗ и сл.

1.2.3. Анализа на областите на делување и на услугите кои се извршуваат

Во насока на зголемување на конкуретноста, поголемиот број на ЗС треба да поминат преку процес на реструктуирање и модернизација, зголемување на производниот капацитет и примена на подобрени агро-технички постапки со кои ќе ги зголемат приходите, но истовремено без да се наруши животната средина. Земјоделците се соочуваат и со нови зголемени потреби за советодавна поддршка за начините на управување со ризик поради се поголемото влијание на климатските промени, како и поради обврската за исполнувања на строгите барања од пакетот на вкрстена сообразност кои се и обврска од евроинтегративниот процес. Од квалитетот на обезбедената советодавна поддршка на земјоделците во тој процес во голема мерка зависи успешноста на предвидените реформи и поддршка за реструктуирање и зголемување на конкурентноста на секторот.

Со оглед на сето ова, како и улогата што ја има во секторот земјоделство, АПРЗ како национален советодавен сервис своите советодавни услуги ги обезбедува во следните области на делување:

- примена на подобрени производни практики, технологија и иновации во растителното и сточарско земјоделско производство;

- усогласеност со барањата за вкрстена сообразност и употреба на методи на добра земјоделска и еколошка пракса во земјоделско производство кои овозможуваат зачувување на квалитетот на почвата, водата и воздухот, како и правилна примена на обврските од агроеколошките мерки;
- исполнување на барањата од областа на безбедност на храната, здравје и благосостојба на животните, здравје на растенијата и интегрирано управување со штетниците;
- заштита на здравјето и животот на луѓето при извршување на земјоделски активности;
- оптимализација на економското работење, управувањето со земјоделското стопанство и маркетингот со земјоделски производи, вклучително и водење на сметководство на земјоделско стопанство;
- оддржлив развој на економските активности на малите земјоделски стопанства, реструктуирање на земјоделските стопанства и диверзификација на економските активности;
- управување со ризици, прилагодување на земјоделското производство кон условите во опкружувањето, промените во климата и движењата на пазарите;
- организирање и здружување на земјоделските стопанства на пазарна основа;
- започнување на земјоделски активности од страна на млад земјоделец носител на земјоделско стопанство и подобрување на улогата на жената во руралните средини;
- олеснување на пристапот на корисниците до политиките на поддршка во земјоделството и руралниот развој и останатите фактори на производство (земјоделско земјиште, капитал, и др.) и подобрување на структурата на земјоделското земјиште;
- исполнување на други минимални законски барања кои треба да ги спроведе земјоделското стопанство или приоритети насочени кон развојот на земјоделското стопанство кои се идентификувани од страна на носителите на земјоделската политика, од земјоделското стопанство, формите на здружување на земјоделците или единиците на локална самоуправа.

Советодавните услуги на АПРЗ во земјоделството се активности на обезбедување на совети од страна на советодавците преку навремен и ефикасен пренос на информации, знаења и подобрување на практичните способности на корисниците на тие услуги.

При обезбедување на советодавните услуги советодавците на АПРЗ ги користат методите на:

- **индивидуално советување** што се извршува преку директен контакт со корисникот на советодавните услуги преку посета на самото ЗС, посета на корисникот на услугата кај советодавецот во канцеларија

или на друга локација заради примена на практично демонстрирање на советот.

- **групно советување** кое се спроведува преку вклучување на повеќе корисници на СУ со сродно производство или маркетинг кои заедно учествуваат на еден настан од типот на стручни предавања и советувања, обуки, јавни средби, информативни денови, работилници, конференции, посета на демонстративни и експериментални опити и стручни патувања.
- **масовно советување** се спроведува преку употреба на електронски и печатени медиуми за масовно информирање и интернет сајтови.

АПРЗ обезбедува бесплатна услуга и во изготвување на деловен план и технички предлог проект за корисници кои поднесуваат барање за искористување на финансиски средства од мерките на Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој и ИПАРД програмата.

1.2.4. Анализа на засегнати страни

АПРЗ како јавен давател на советодавни услуги, самата реализација на програмските активности пред сé е наменета за крајните корисници - земјоделските производители т.е. нивните ЗС. Аналогно на тоа, како засегнати страни се јавуваат и сите форми на здружување на ЗП како што се земјоделските здруженија, асоцијациите, задругите, групите на производители и сл. Оттука субјектите на здружување се едни од клучните засегнати страни на АПРЗ како што се: Сојузот на Земјоделци, Асоцијацијата на земјоделци, Националната федерација на фармери и сите здруженија кои членуваат во нив.

Покрај ЗП кои се директно засегната страна, не помалку засегнати страни се и преработувачите на земјоделски производи, како и консументите, но и добавувачите на репроматеријали и опрема за земјоделското производство како бизнис сектор.

Како засегната страна се јавува и науката, истражувачката дејност, пред сé во делот на трансфер на апликативни научни сознанија, потреба за едукација и сл., отсликани преку универзитетите и нивните факултети од сферата на земјоделството и руралниот развој, како и нивните институти.

АПРЗ како самостоен орган на државната управа кој е директно одговорен пред ВРМ, соработува со национални и интернационални институции и органи. Засегнати страни на АПРЗ со кои соработува на национално ниво се:

- Органи во состав на ВРМ: Генерален секретаријат, Секретаријат за законодавство, Секретаријат за европски прашања, Службата за општи и заеднички работи и др.
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, неговите органи во состав и организационите единици:
  - Фитосанитарна управа
  - Државна фитосанитарна лабораторија
  - Државен инспекторат за земјоделство

  - Управа за семе и саден материјал
  - Управа за хидрометеоролошки работи
- Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој
- Агенција за храна и ветеринарство
- Министерство за животна средина и просторно планирање
- Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта
- Државен завод за статитика
- Единици на локална самоуправа
- Министерство за финансии - Сектор за финансирање и извршување на буџетите
- НВО/граѓански здруженија

Засегнати страни на АПРЗ со кои соработува на меѓународно ниво се:

- Европската Комисија EU Commission, во делот на ИПА проектите
- Мрежа на советодавни услуги на Југоисточна европа SEASN
- Европски форум за земјоделство и рурален советодавен сервис EUFRAS
- Организација за храна и земјоделство на ОН - FAO
- Земјоделско-шумарската советодавна служба на Хрватска -
- Национална служба за совети во земјоделството на Бугарија - NAAS

1.2.5. SWOT анализа

Силни страни	**Слаби страни**
- Позитивно препознатлив историјат на постоење и делување - Оптимална организациона структура - Тим на експерти - советодавци од повеќе области - Едуциран стручен кадар - Бесплатна СУ - Аналитички пристап - Распространета мрежа на канцеларии низ целата држава - Директно присуство во руралните средини со ДК - Отворен пристап - Флексибилност - Директни и непосредни теренски контакти со клиентите - Фасилитаторска улога на советодавците - Располагање со база на податоци - Градење меѓусебна доверба советодавец-земјоделец - Техничка опременост (софтвер,	- Недоволен буџет за реализација на сите планирани програмски активности што оневозможува целосно спроведување на стратегијата на АПРЗ и обезбедување на одржлив развоен фокус - Недоволен број на даватели на СУ - советодавци во однос на корисници ЗС - Слаб менаџмент од страна на високите раководни структури - Слаба хиерахиска дисциплина и поддршка - Неусогласена легислатива, недопрецизирана и хармонизирана правна рамка (Закон и подзаконски акти) - Слаб систем на контрола за извршување на планот за теренски активности - Слаб систем за мониторинг и

хардвер, ИКТ опрема, интернет и сл.) - Отвореност за меѓународна, институционална и др. видови на соработка - Непрофитабилна јавна државна инстуција - Систем за управување со човекови ресурси - Расположив фонд за набавка на возила (одржлив возен парк) - Флексибилно работно време	евалуација на активностите - Неекипираност на одделението за внатрешна ревизија - Недоволна екипираност на одделенијата во состав на Секторот за правни и општи работи и Секторот за Финансиски прашања - Недоволна екипираност на одделението за проектни активности и ЕУ интеграции што резултира со слаб капацитет за учество и имплементација на ЕУ и др. странски проекти - Застарена ИКТ опрема - Меѓучовечки односи - Тимска работа - Недоволен обем на обуки за подигање на советодавните капацитети - Слаба меѓуинституционална соработка - Слаба соработка со научно-образовни институции и др. чинители (засегнати страни) - непостои поддршка за располагање со соодветна база на податоци
Можности - Пристап до базите на ЕРЗС, идентификација и регистрација на животните и др. бази од областа на земјоделството - Воведување на мерката за СУ во ИПАРД програмата - Користење на средства од донатори и меѓународни фондови - Градење партнерства и учество во ЕУ и др. проекти - Натамошен ИКТ развој - Евроинтеграциски процеси - Хармонизација и усогласување на правната рамка на АПРЗ - Членство во мрежата на советодавни услуги на ЈИЕ - Меѓународна соработка	**Закани** - Економска криза во државата - Намален, рестриктивен буџет - Одлив на стручен кадар - Неможност за нови вработувања на неопределено време - Немање пристап до ЕРЗС - Незадоволителна институционална поддршка - Нефункционирање на системот за напредок во кариерата што доведува до демотивираност на вработените

1.3. МИСИЈА

Давање на висококвалитетна советодавна услуга на терен на индивидуалните земјоделски стопанства, со цел подобрување на квалитетот и квантитетот на земјоделското производство во рурални и пазарно ориентирани средини.

1.4. ВИЗИЈА

Да бидеме високопочитуван и препознатлив советодавен центар меѓу земјоделците во функција на примена на најсовремените научни и технички сознанија насочени кон современо земјоделско производство.

1.5. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА АПРЗ

АПРЗ е основана заради давање стручна помош на земјоделците и сточарите, а со цел зголемување на квалитетот и квантитетот на земјоделското производство и негова поголема искористеност.

АПРЗ своите надлежности утврдени со Законот за основање ги извршува врз основа на начелата на законитост, одговорност, ефикасност, економичност, транспарентност, еднаквост и предвидливост. Согласно ваквата генерална поставеност, АПРЗ ги врши следните работи:

1. Давање непосредна помош на земјоделците за примена на соодветни мерки:
   - во поледелството, лозарството и овоштарството: воведување на нови технологии во одгледувањето, правилна употреба на ѓубрива, избор на видови и сорти, подигање и одгледување на насадите, поставување на демонстративни опити со нови сорти и технологии и сортни испитувања и
   - во сточарството: упатување на примена на мерки за подобрување на производните својства, обезбедување на правилна исхрана за добивање поквалитетни производи (млеко, месо, волна, јајца и друго);
2. Соработка со здруженијата на земјоделците и единиците на локалната самоуправа;
3. Насочување на земјоделските производители за производство на култури и производи според потребите на пазарот;
4. Непосредно извршување на дел од мерките за спроведување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој што се донесуваат согласно со Законот за земјоделство и рурален развој;
5. Давање насоки за развој на земјоделството врз основа на сознанијата на терен;

6. Пренесување на стручни сознанија до непосредните земјоделски производители, како и научно-апликативните достигнувања во земјоделското производство;
7. Давање насоки во изборот на соодветна земјоделска механизација и опрема за растително и сточарско производство и нејзино правилно и разионално користење;
8. Вршење инструктажа, демонстрација за современи постапки за чување, преработка на земјоделски производи (од растително и животинско потекло) и подготовка за пласман;
9. Стручно оспособување на земјоделските производители преку одржување на советувања, семинари, курсеви и слично;
10. Организирање на натпревари за високи приноси, учествување на саеми и изложби, организирање на сточарски смотри и тракторски натпревари;
11. Подготвување на истражувачки предлози во земјоделството;
12. Воспопставување и користење на информативни системи во земјоделското производство;
13. Давање помош на земјоделските производители за установување евиденција во врска со земјоделското производство, негова рентабилност и економичност;
14. Изготвување на информативни и рекламни списанија, брошури, памфлети, прирачници во кои би биле опфатени новитетите од домашни ни странски извори на информации од областа на земјоделството и
15. Други стручни и апликативни мерки за кои ќе се јави потреба.

Со Законот за воспоставување на мрежа на сметководствени податоци од земјоделските стопанства во активностите на АПРЗ се допрецизира обврската на АПРЗ за прибирање на сметководствени податоци и воспоставувањето на ФАДН во Македонија (Сл. Весник на РМ бр. 110/07, 53/11).

1.6. СПЕЦИФИЧНОСТ НА АПРЗ

АПРЗ како орган на државната управа има својство на правно лице во функција на креирање и давање СУ во земјоделството што резултира со директна и индиректна поддршка и резултат во остварување на утврдените стратешки приоритети на ВРМ за 2019 година (Сл. Весник на РМ бр.84/18):

- развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните;
- Република Македонија - членка на НАТО и Европската Унија;

АПРЗ се издвојува со своја специфика во реализацијата на активностите од останатите Министерства и Агенции, особено со МЗШВ, во делот на постојаната присутност на советодавците на терен кај ЗС. Советодавците во АПРЗ преку постојани и континуирани средби со земјоделците, покрај размената на информации даваат квалитетни, навремени, стручни совети во секторот


земјоделство и придонесуваат во правилна распределба и аплицирање на средствата од Програмите на ВРМ за поддршка во земјоделството. МЗШВ преку своите организациони форми врши анализи, градење политики, како и инспекција, со што ги спроведува контролните механизми во имплементација на развојот и поддршката кон ЗС.

Во насока на компатибилност со стратешките приоритети и цели на Владата на РМ и нивно ефикасно реализирање, АПРЗ е устроена како Национална советодавна служба со следните специфики:

- АПРЗ продуцира рамномерен развој на руралните подрачја со непосредни активности од страна на советодавците и во оние делови од државата каде што комерцијалните советодавни служби немаат интерес за давање на нивните услуги.
- Активностите на националната советодавна служба и нивните советодавни услуги се карактеризираат со непристрасност и непрофитабилна ориентираност.
- Јавната советодавна служба - АПРЗ ја балансира севкупната ситуација во сферата на советодавните услуги, на начин на кој комерцијално ориентираните даватели на СУ не би имале неприкосновеност во нивното делување и формирањето на цените на советодавните услуги.
- Преку АПРЗ државата добива реални, непристрасни, веродостојни и точни информации од теренот, кои што информации и податоци се нужни за градење на стратегија во земјоделскиот сектор и негова поддршка во развојот. Овие информации наменски може да ги користатат сите државни инситуции, но и сите правни и физички лица во реализацијата на своите потреби.
- Глобалната поставеност во земјоделскиот сектор, МЗШВ го става во улога на креатор на севкупните политики во тој сектор, а АПРЗ е имплементатор на таквите политики, особено во советодавната сфера. Непосредниот контакт на советодавецот со земјоделецот кој што се темели на взаемна и долгогодишна доверба, е основен атрубут на организационата и функционална поставеност на АПРЗ и претставува нејзина исклучителна засебност и оригиналност.
- АПРЗ директно помага во процесот на креирање на политики со што придонесува истите да бидат што е можно пореални и да ја отсликуваат потребата од теренот. Советодавецот кој што е во постојан контакт со земјоделците, добива изворни информации за состојбите од теренот, а таквите информации чија што релевантност е неспорна, можат да бидат искористени од страна на МЗШВ и другите чинители во креирање на реални политики во земјоделскиот сектор.

1.7. СТРУКТУРА НА АПРЗ - ПЛАНИРАНИ ПРОМЕНИ

АПРЗ согласно актите за внатрешна организација и систематизација на работни места, ја има следната организациска структура:



Со АПРЗ раководи директор кој го именува и разрешува ВРМ.

АПРЗ во својот состав има еден Државен советник за прашања од областа на земјоделството и руралниот развој.

Во рамките на АПРЗ се формирани три сектори, а во рамките на секој сектор се содржани одделенија.

***Сектор за земјоделство и рурален развој**

- Одделение за организација и координација на одделенијата за региони
- Одделение за проектно планирање и ЕУ интеграции
- Одделение за регион Битола
- Одделение за регион Скопје
- Одделение за регион Штип
- Одделение за регион Куманово
- Одделение за регион Струмица
- Одделение за регион Тетово

***Сектор за финансиски прашања**

- Оддление за сметководство и планирање
- Оддление за буџетска контрола
- Одделение за буџетска координација

***Сектор за правни и општи работи**

- Одделение за општи работи и организациони активности

- Одделение за смс комуникација и информатички технологии

*** Самостојни одделенија на АПРЗ**

- Одделение за човечки ресурси
- Одделение за внатрешна ревизија

Расположива инфраструктура. АПРЗ функционира на целата територија на Република Македонија, во 30 градови, групирани во шест региони со Дирекција во Битола и 16 дисперзирани канцеларии во руралните средини. Располага со 19 сопствени објекти, користи 9 објекти на јавни институции и 3 приватни објекти. Секоја РЕ е опремена со соодветна ИТ опрема која е поврзана со ИС.

Поседува ИКТ орема со интернет врска, располага со ВЕБ страна која воедно претставува виртуелен центар за советодавни услуги.

Евиденцијата на документација е распределена според правата и обврските на извршителите и местото на настанување, а заради поголема економичност и контрола се користи обработка на документацијата на едно место.

Проектот од Светска банка 2000/2001 година овозможи набавка на возила на лизинг за теренски активности на советодавците, со што се формира фонд за возила. Со ваквиот начин на работа и дефинираните права и обврски на советодавците, буџетот на АПРЗ не се товари со одржување, осигурување, регистрација и сл. Од буџетот се покриваат трошоците по основ изминат километар со пресметана амортизација според дефинирани критериуми.

За реализација на теренските активности советодавците користат приватни возила по принципот на склучени договори помеѓу вработените и АПРЗ. Активностите се базираат врз основа на одобрени и потврдени планови на ниво на извршител, работна единица, регионално и национално ниво.

АПРЗ располага со редовен Буџет кој се изготвува согласно Годишната програма за работа. Врз основа на одобрувањето на Предлог Буџетот, се врши корекција на Програмските активности.

Движење на буџетот: Одобрен Буџет за 2018 година и план за период од 3 години

во `000 денари

Опис	2018	2019	2020	2021
Плати и наемнини	48.776	56.276	56.276	56.276
Стоки и услуги	7.770	10.797	10.797	10.797
Вкупно:	56.546	67.073	67.073	67.073

Поради ограничениот буџет и принципот за рационализација на трошоците, АПРЗ ги организира и комбинира теренските активности. Се врши групирање на советодавците при користење на возилата за теренските посети, но истото не придонесува во исполнување на програмските активности и се одразува на квалитетот на очекуваните резултати.

Врз основа на развојните планови и потреби, АПРЗ овозможува работа и поддршка од проекти и поддршка при имплементација на националните програми од МЗШВ - АФПЗРР.

Структура на вработени. АПРЗ во моментот располага со 110 вработени од кои најголем број се со завршено ВСП - 87 (од кои специјалисти 4, со магистратура 5), додека 6 се со ВШП, останатиот број на вработени се со ССП 16, и со основно 1. АПРЗ 2018 година ја започна со 103 вработени. Од нив во пензија замина 1 вработен советодавец. Во текот на 2018 година се вработија уште дополнителни 8 лица од кој 1 советодавец со звање - помлад соработник, на определено време за период до 31.12.2018 година.

Во однос на правичната застапеност, структурата од вкупно 110 вработени лица во АПРЗ е следната:

- Македонци 97 или 88,2%
- Албанци 8 или 7,3%
- Турци 2 или 1,8%
- Срби 1 или 0,9%
- Власи 1 или 0,9%
- Роми 1 или 0,9%
- **Вкупно 110 или 100%**

При вработувањето на нови административни службеници АПРЗ ќе се раководи според принципите на правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во РМ.

Што се однесува до родовата застапеност во АПРЗ, од момнталниот број на 110 вработрни, 36 се жени а 74 се мажи или процентуално изразено 33% се жени, а 67% мажи. Иницијативите во АПРЗ се усогласуваат според начелата и принципите за еднакви можности на жените и мажите (родовата еднаквост), содржани и во Законот за еднакви можности на жените и мажите. Усогласувањето ќе оди во насока на балансирана родова застапеност на сите нивоа како и во структурите на раководење, управување, учество во работни тимови, со дефинирање на буџетски пресметки на финансиска распределба на средства по активности.

Врз основа на образованието, компетенциите и работните задачи, вработените се вклучени во координативни групи со соодветна специјалност и тоа: поледелство, сточарство, лозаро-овоштарство, градинарство, рурален развој, агроекономија, родова еднаквост и односи со јавност и медиуми.

Тековната година се планира групата за стратешко планирање да изработи предлог промени во организационата структура на АПРЗ со цел усогласување на одделенијата за региони согласно Номенклатурата на територијални статистички единици (НУТС-3). Овие промени се планираат заради подобрена ефикасност во развој на СУ и нејзина имплементација на терен, воспоставување на одржливи врски помеѓу теренот, науката и советодавниот сервис, како и усогласување и хармонизација со постоечката регулатива.

1.8. ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ

АПРЗ во својата организациона структура нема органи во состав.

1.9. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА АПРЗ

Стратешки приоритети на АПРЗ:

- **Унапредување на квалитетот на советодавната услуга со реализација на терен**

Во функција на наведениот приоритет се развиваат следните цели:

- подобрени знаења и вештини на вработените, со акцент на советодавците за растително и сточарско производство;
- трансфер на знаења кај ЗП во насока на остварување на профитабилно, конкурентно и пазарно ориентирано земјоделско производство;
- креирање и испорака на СУ од областа на растителното и сточарското производство;
- развој на систем за информирање и комуникација со ЗС

- **Поддршка во креирање и спроведување на развојни проекти**

Во функција на наведениот приоритет се развиваат следните цели:

- учество во креирање и спроведување на СУ поддржани од Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој (ПФПРР);
- учество во креирање и спроведување на СУ поддржани од ИПАРД програмата;
- поддршка во изработка на деловни планови и технички предлог проекти на секој апликант;
- поддршка за реализација на проекти кофинансирани од буџетски и меѓународни средства, проекти за погранична соработка и сл.;
- поддршка при унапредување на заштитата на животната средина во процесот на земјоделското производство.

- **Одржлива база на податоци - ФМС/ФАДН**

Во функција на наведениот приоритет се развиваат следните цели:

- воспоставена сметководствена евиденција кај ЗС;
- подобрен квалитет на податоци во базата.

- **Зајакнување на институционалните капацитети**

Во функција на наведениот приоритет се развиваат следните цели:

- целосна имплементација на дефинираните системи од Функционално-организационата анализа во насока на зајакнување на капацитетите;

- обезбедување на непречен проток на информации и документација и развој на ИС;
- функционирање на координативните групи;
- практицирање на финансискиот систем според видови на активности;
- доследно спроведување на реформскиот процес со силна институционална поддршка, согласно Владините препораки;
- Систем за квалитет во управувањето ИСО 9001.

1.10. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2017 ГОДИНА

Програма 1: Совети

Советодавните активности кои АПРЗ како јавна советодавна служба во РМ ги реализира во насока на информирање, едукација и обука на ЗП, се однесуваат на:

- едукација за примена на современи агротехнички мерки, користење на сертифициран семенски материјал, здружување на земјоделците во земјоделски задруги и други форми на организација, вкрстена сообразност, добра земјоделска пракса, употребата и квалитетот на вештачките ѓубрива и средствата за заштита, подобрување на квалитетот на млекото и сл.;
- Размена на други информации и актуелности.

Потпрограма 1: Подобрени знаења и вештини на земјоделците за поледелство, сточарство, градинарство, лозаро-овоштарство и агроекономија и подобрен трансфер на знаењата кон земјоделските производители.

Број на советодавци: Претходната година АПРЗ СУ ги обезбедуваше со просечно 90 советодавци. Годината ја започна со 75, а ја заврши со 91 советодавец. Тоа се должи на фактот што во 2017 година во февруари и март по пат на оглас за времено вработување се вработија 17 теренски советодавци на определено време до 31.12.2017, а 1 советодавец во мај се врати од неплатен одмор. Додека во пензија заминаа 2 советодавци.

Број на дадени информации: Во минатата година беа дадени вкупно **50.671** информација, од кои **20.236** на терен и **30.435** во канцеларија.

Број на дадени совети: Беа дадени вкупно **35.751** свет, од кои **20.253** на терен и **15.498** во канцеларија.

Посети на терен: Во 2017 година беа реализирани **10.071** посета на терен, со опфат на **36.894** присутни.

Изминати километри: При реализација на активностите советодавците поминаа вкупно **212.009** км., или просечно **17.667** км. месечно, односно просечно **197** км. месечно по советодавец.

На овие средби покрај стручни теми од областа на земјоделското производство (поледелство, сточарство, градинарство, лозаро-овоштарство и

агроекономија) вклучени се теми за промоција и публицитет согласно задолженијата од ВРМ и програмите од МЗШВ како што се:

- Форми и можности за регистрирање на земјоделците
- Предности на осигурување во земјоделското производство
- Оданочување на индивидуалните земјоделци
- Можности за користење на земјоделско земјиште под концесија
- Консолидација на земјоделско земјиште
- Проценка на капацитети на земјоделски стопанства и проценка за аплицирање по соодветна програма
- Промоција на систем капка по капка
- Програма за финансиска поддршка во руралниот развој
- Можности за легализација на објекти за земјоделска намена
- Правилна употреба на пестицидите
- Правилна употреба на минералните ѓубриња

Активност: Демонстративни опити

АПРЗ во текот на 2017 година има воспоставено неколку демонстративни опити кои што претставуваат редовна активност од Годишната програма за работа на АПРЗ. Беа поставени два ДО, од кои еден за примена на подобрувач на почва и другиот за употреба на органско ѓубриво.

Во 2017 година воспоставена е деловна соработка помеѓу АПРЗ и Друштвото за производство, трговија и услуги СКОПСКИ ЛЕГУРИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје за поставување на ДО за аплицирање на „Тераграмин“ кој претставува минерален подобрувач на почва. ДО беше поставен врз опитни полиња на 6 различни локации кај 9 култури.

Во рамките на РО Битола, односно во РЕ: Битола, Ресен, Охрид, Струга, Крушево и Прилеп, беа определени вкупно 15 демонстративни ЗС, на кои што се изврши демонстративен опит со примена на органско течно ѓубриво ORGALIFE.

Потпрограма 2: Воведување и спроведување на вкрстената сообразност во земјоделските активности кај ЗС во руралните средини, сообразност со националните и европските стандарди во растителното и сточарското производство.

Согласно заклучок на ВРМ, АПРЗ веќе 4та година по ред беше задолжена да изврши едукација на ЗС за примена на посебните минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина, кај кои е утврдено неисполнување на истите, а според претходно доставен список на од страна на АФПЗРР.

Како резултат на оваа обврска советодавците на АПРЗ од доставените **153 ЗС** извршија едукација на вкупно **139 ЗС**. Дел од останатите 14 ЗС од списокот се отселени, кај дел не е пронајдено такво ЗС на посочената адреса, а дел одбија да бидат обучени.

Потпрограма 3: Примена на мерки за адаптација на земјоделството кон климатските промени.

АПРЗ беше вклучена во Проект на УСАИД за адаптација на земјоделството кон климатските промени, спроведуван од страна на МРР на РМ. Во месец јули преку ангажиран професор од ФЗНХ беа одржани обуки наменети за 5 советодавци по сточарство во рамките на градењето на капацитетите на земјоделскиот сектор за соодветно справување со климатските промени.

Обучените советодавци во септември извршија обука на колегите советодавци по сточарство, со цел да го пренесат претходно стекнатото знаење на тема „Ризик и предизвик за благосостојбата и здравјето на животните“ со посебен осврт на топлотниот стрес - индикатори, влијание, адаптивни мерки; како и вектор - преносливи болести кај добитокот (јазлеста кожа, син јазик). Стекнатото знаење понатаму советодавците по сточарство го пренесуваа кај сточарите во текот на своите редовни активности согласно Годишната програма.

Потпрограма 4: Имплементација на систем за интеркомуникациска евиденција на ЗС

Активност: Виртуелен центар за советодавни служби

www.agencija.gov.mk, прерасна во корисна веб-страница која содржи пишани и видеоматеријали за едукација и информирање на земјоделците за технологијата на производство (подготовка на земјата, примена на агротехнички мерки, заштита на производството), активности кои се спроведуваат по бербата, маркетинг и пласман на земјоделски производи. Покрај агротехнолошките совети, страницата обезбедува и информации за земјоделците во врска со цените на земјоделските производи, најнови вести, временска прогноза и други информации кои се од полза за земјоделците. Виртуелниот центар за советодавни услуги, односно веб-страницата се организира и одржува редовно. Воспоставено е поврзување со најактуелните социјални мрежи како Facebook и g+, при што сите поставени содржини на веб-страницата автоматски се поставуваат и на социјалните мрежи, со што АПРЗ допира до многу поголем број на публика која може да ги користи поставените содржини како информации и совети.

Активност: СМС комуникација и информирање

Во насока на навремено информирање, известување и комуникација со земјоделските производители, АПРЗ воведе систем за информирање преку СМС пораки, каде на редовна основа се информираат земјоделците за актуелности, новитети, информации, средби и сл. Овој начин на комуникација претставува ВЕБ базирано решение за управување со масовно испраќање на СМС пораки до еден или повеќе клиенти со кои спработува АПРЗ. Со ова се овозможува постојана, стабилна, едноставна и брза комуникација помеѓу советодавците и земјоделците со кои соработуваат, а тоа резултира со подобрување и унапредување на квалитетот на услугите кои ги обезбедува АПРЗ.

Секоја година преку тендерска постапка се склучува договор со економски оператор, при што преку кориснички портал АПРЗ испраќа СМС пораки до групи

земјоделци, со можност според потребите корисниците да се дефинираат според регион, дејност, општина, место/локација и др., со содржини наменети за посебна целна група на корисници.

Во текот на 2017 година на овој начин се организирани бројни средби и трибини со земјоделски производители, доставени се информации за јавни повици за програми, агротехнички мерки и сл., за што постои статистика во самиот систем.

Во моментов АПРЗ располага со база на податоци за околу 17.000 земјоделски стопанства добиени преку советодавците на АПРЗ а врз основа на соработка со земјоделците. Овие податоци се добиваат на доброволна основа, со цел нивно навремено информирање преку овој систем. Во понатамошниот период АПРЗ континуирано ќе ги надополнува и ажурира податоците во базата преку сопствените ресурси - советодавците кои извршуваат теренски советодавни услуги.

Потпрограма 5: Имплементација на систем за информирање на земјоделците од податоци на 6 агрометеоролошки станици со кориснички пристап и методологија за конкретизација на квалитетни советодави услуги.

Во 2016 година во АПРЗ беа набавени 6 агрометеоролошки станици, со средства обезбедени од Програмата за финансиска поддршка ва руралниот развој за 2016г. Овие станици се поставени во работните единици во Битола, Кавадарци, Велес, Гостивар, Свети Николе и Струмица. Системот за информирање на земјоделците од податоците на овие агрометеоролошки станици сеуште не е воспоставен, а овие станици моментално се вон функција и се складирани во работните простории на конкретните работни единици во АПРЗ, од следните причини:

- Заврши едногодишниот договор со добавувачот „Фармахем“ за сервисирање и одржување, а непостои нов договор со кој ќе се регулира нивното понатамошно одржување.
- Природата на овие станици е таква да тие се поставуваат на отворено за конкретна култура и треба да се обезбеди софтвер преку кој податоците кои ги обезбедува станицата да се преточат во соодветна препорака и совет кои ќе се доставуваат на редовна основа до земјоделците во конкретниот микро регион.
- Во МЗШВ (Фитосанитарна управа) постои твининг проект од ЕУ „*Градење на капацитети на компетентните служби за безбедност со храна, ветеринарна и фитосанитарна политика*“, кој официјално започна на 1ви март 2017, каде што во разговор со експертите беше предложено овие агрометеоролошки станици да бидат дел од воспоставен интегриран систем, а станиците да бидат вмрежени со останатите слични станици во државата, додека пак одговорноста за функционирање на целиот систем да ја има Фитосанитарната управа заедно во соработка со останатите чинители како што се УХМР, професори од ФЗНХ, имателиа на станици, ДФЛ и др.

Потпрограма 6: поддршка во реализција на ЕУ и владините програми (ИПАРД, Програма за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, и сл.).

Активност: поддршка во реализција на Програма за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

Во текот на 2017 година беа објавени 4 (четири) јавни повици по Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој во која советниците од АПРЗ имаа за задача да обезбедат бесплатна помош на барателите - земјоделците за следните мерки:

Мерка 121.3 Подигање на нови овошни и лозови насади и набавка на добиток
Мерка 112 Помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност
Мерка 213 Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики

Советодавците работеа на пополнување на е-барањето и подготовка на деловениот план. Согласно податоците од системот за следење, констатирани се следните резултати:

- во процесот на информирање и поддршка на земјоделците при поднесување на барање, беа постигнати следните резултати:
  - за барателите беа обезбедени бесплатни информации, совети и други услуги,
  - земјоделците ги користеа услугите за пополнување на е-барањато во РЕ на АПРЗ, бидејќи во други институции оваа услуга не постои,
  - за трите јавни повици советодавците обезбедија поддршка во комплетирање на вкупно **842 деловни планови**,
  - континуирано во текот на годината беа организирани информативни средби за запознавање со Програмата за рурален развој преку посети на населни рурални места.

Активност: поддршка во реализција на ИПАРД Програмата

Во текот на 2017 година АПРЗ активно се вклучи во поддршката на ИПАРД 2, во делот на активностите кои се однесуваат за масовно, групно и индивидуално информирање на потенцијалните апликанти како и во реализација на дирекна поддршка на барателите во подготовка на пакетот барања. За времетраење на јавниот повик 01/2017 кој траеше 88 дена беа организирани **250 групни информативни средби** со вкупно присуство на **3.050 потенцијални баратели**. Исто така советодавците учествуваа на Инфо деновите организирани во соработка со Секторот за управување со ИПАРД при МЗШВ. На овој Јавен повик од страна на советодавците на АПРЗ беа поддржани **1.074 баратели** на кои им беше обезбедена СУ во подготовка на апликативни барања, технички предлог проект или деловен план.

Учество во други активности кои се надвор од планираните активности во Програмата Совети

Учество во комисии за проценка на штети од неповолен климатски настан - измрзнување од касни пролетни мразеви

По барање на МЗШВ во месец април АПРЗ со свои претставници од редод на вработените беше вклучена во активност за проценка на настанати штети кај земјоделски посеви и култури што се случија во период 20-22 април 2017 година. АПРЗ зеде активно учество со номинирање на 54 вработени во 50 комисии како членови и дел претседатели, кои покриваа 59 општини низ целата територија на државата. Поголемиот број од вработените ги извршуваа активностите со користење на сопствено возило.

Учество во активности за контрола на тутун на откупни пунктови

Во 2017 година дел од вработените беа вклучени во тимовите за контрола на откупот на тутун за реколтата од 2016 год. во сите откупни пунктови каде што се вршеше откупот. Откупот се вршеше од страна на 9 регистрирани субјекти за откуп, на 41 откупен пункт низ државата.

Целта беше да се следи динамиката на откупот и известување на надлежните органи при настанување на одредени проблеми со цел надминување на истите. Откупот генерално заврши успешно без констатација на некој поголеми проблеми.

Учество во Проект на МЗШВ: „Воведување на националната програма за консолидација на земјиште (MINLAND)“

АПРЗ во месец мај беше поканета да учествува во проектот „Воведување на националната програма за консолидација на земјиште (MINLAND)“, кој е финансиран од Европската Унија, а го спроведува Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите Нации (ФАО), во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ).

